*ОЈО. ПР-18-1/2025*

*ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СТРУГА – КО.бр.*[redacted]
*28.10.2024 година, Струга*

# СТРУЧЕН НАОД И МИСЛЕЊЕ

| | |
|---|---|
| 24.02.2025год.<br>Струга | дипл.инг.арх.Зоран Мојсовски<br>ВЕШТО ЛИЦЕ |

| |
|---|
| ЗОРАН МОЈСОВСКИ ДИА |
| ВЕШТО ЛИЦЕ |
| **ЛИЦЕНЦА** |
| *ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТУРАТА* |
| *БРОЈ 08-415/2023 – 29.05.2023-МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА* |
| ТРАНСАКЦИОНА СМЕТКА: 2[redacted] УНИ БАНКА СТРУГА |
| |

*Постапувајќи по задолжение на Јавен Обвинител [redacted] од Основното Јавно Обвинителство во Струга за предмет КО.бр.[redacted] од 28.10.2024 година, како вешто лице дипломиран инжинер архитект со Лиценца за вештачење од областа на архитектурата, да изготвам стручен наод од состојбата на лице место и документацијата за предметниот обејкт на КП.бр.3307/2 КО Струга, по извршениот увид на лице место на ден 25.11.2024 година го давам следниот:*

# СТРУЧЕН НАОД И МИСЛЕЊЕ

## АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

При изготвувањето на наодот во предвид ги имав податоците и состојбата констатирана од списите во предметот КО.бр.[redacted] од Основно Јавно Обвинителство од Струга и допонително прибавената документација за предметниот обејкт на КП.бр.3307/2 КО Струга и направените слики од лице место, при што се констатира од самиот почеток од извршениот увид во документацијата и увидот на лице место дека предметниот објект се наоѓа на КП.бр.2686/2 КО Струга.

Направена е селекција на потребната документација за изготвување на стручниот наодот, и тоа:

●Наредба за градежно вештачење за Предмет КО.бр.[redacted] од 28.10.2024година од Основно јавно обвинителство од Струга, Јавен Обвинител [redacted].

●Записник за извршен инспекциски надзор, бр.26-151 од 28.06.2024година, РСМ Општина Струга.

●Решение, И.П1.бр.26-151 од 01.07.2024година, РСМ Општина Струга.

●Фотодокументација и ситуации од предметниот објект на КП.бр.2686/2 КО Струга од увид на лице место на ден 25.11.2024 година.

## ***НАОД И МИСЛЕЊЕ***

УВИД НА САМОТО МЕСТО

Во рамките на изготвувањето на стручниот наод на ден 25.11.2024 година извршив увид на лице место на предметниот објект се наоѓа на КП.бр.2686/2 КО Струга, во компарација со документацијата од списите и дополнително прибавената анализирана документација и фактите и околностите наведени во барањето за вештачење се констатира состојбата и вештото лице даде мислење:

*1-На која катастарска парцела се гради објектот.*

●Со извршениот увид во списите од предметот се констатира дека наведената парцела каде се гради објектот е КП.бр.3307/2 КО Струга, но со увидот на лице место и увидот во електронскиот катастар- https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/, констатирав дека изведениот предметен обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга, евидентиран во ИЛ2049 КО Струга.

*2-Кога и кој го гради објектот.*

●Од извршениот увид на лице место, како и со извршениот увид во списите од предметот, можев да констатирам дека предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга е започнат со изведба во периодот од првата половина на 2024година и истиот е во завршна фаза на градба на денот на увидот 25.11.2024 година.

Предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга, според увидот во списите од предметот го гради лицето Висар Каба од с.Велешта-Струга, кој ангажирал фирма за изведба на предметниот обејкт.

*3-За каква градба се работи, со колкави димензии односно површина е истата.*

●Предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга преставува објект изведен од приземје и дел со галерија, според увидот на лице место.

Со увидот на лице место се констатира предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга со изведено ниво на приземје од приземна армирано-бетонска плоча и челична конструкција од столбови и носачи, со изведени надворешни ѕидови од сендвич лимени панели и со изведено ниво на галерија на еден дел од објектот, поставена надворешна столарија од прозори и врати од алумин профил и термопанстакло и челична кровна конструкција покриена со сендвич лимени панели.Во внатрешноста на еден дел се изведени простории над кои има простор како галерија со изведени внатрешни скали од челична конструкција за галеријата.

Со увидот на лице место се констатира предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга, со ниво на приземје со димензии 20.0мх30.0м, со бруто површина 600.0м2 и ниво на галерија со димензии 5мх15.0м, со бруто површина 75.0м2, или со вкупна бруто површина од 675.0м2.

*4-Дали истата е изведена на сопствено или туѓо земјиште.*

●Со извршениот увид во списите од предметот се констатира дека наведената парцела каде се гради предемтниот објект е КП.бр.3307/2 КО Струга, но со увидот на лице место и увидот во електронскиот катастар- https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/, констатирав дека изведениот предметен обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга, евидентиран во ИЛ2049 КО Струга е сопственост на Висар Каба од Струга и Ермант Каба од Струга.



**Имотен лист: 2049**

Центар за катастар на недвижности: СТРУГА
Катастарска општина: СТРУГА

Не е јавна исправа
Состојба на ден: 11.03.2025

Доколку сакате вашиот документ да го добиете со матичен број потребно е да се регистрирате и да го внесете вашиот матичен број во секцијата Мој профил. Само документи на кои кореспондира матичниот број ќе се издават со истиот. Сите останати документи ќе се издават како трето лице - без матичен број.

Електронскиот документ е валиден само кога се користи во електронска форма.

Електронска форма | Хартиена форма

| Име на продуктот | Цена |
|---|---|
| Имотен лист | 250 ден. |

Носители на право — Вкупно: 2

| Имотен лист | Име и презиме | Град | Улица | Број | Дел на посед |
|---|---|---|---|---|---|
| 2049 | ВИСАР КАБА | СТРУГА | ПЛИТИШТА | bb | 1/2 |
| 2049 | ЕРМАНТ КАБА | СТРУГА | ПЛИТИШТА | bb | 1/2 |

Парцели — Вкупно: 5

| Имотен лист | Број/дел | Култура | Површина м2 | Место | Право |
|---|---|---|---|---|---|
| 2049 | 3307/2 | р Реки | 1651 | КРАЈ ЕЗЕРО | СОСОПСТВЕНОСТ |
| 2049 | 3298 | р Реки | 3921 | КРАЈ ЕЗЕРО | СОСОПСТВЕНОСТ |
| 2049 | 2686/2 | гиз градежно изградено земјиште | 4025 | ПАРТИЗАНСКА | СОСОПСТВЕНОСТ |
| 2049 | 2686/2 | зпз Земјиште под зграда | 224 | ПАРТИЗАНСКА | СОСОПСТВЕНОСТ |
| 2049 | 2686/2 | зпз Земјиште под зграда | 672 | ПАРТИЗАНСКА | СОСОПСТВЕНОСТ |
| | | Вкупна површина на сите парцели: | 10493 m2 | | |







*4-Дали за истата било потребно одобрение за градење или некаков друг вид одобрение.*

●За изведба на предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга според Законот за градење потребно е да се издаде Одобрение за градење од надлежниот орган, РСМ Општина Струга, согласно извод од ДУП и Програмата за изградба на отворени и

покриени повеќенаменски спортски игралишта, со тех.бр.05/2018, јуни 2018, изработена од ТД НЈУ ВИЖЕН доо Охрид.



NEW VISION

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ

ТД НЈУ ВИЖЕН доо Охрид ЕМБС 5818079 , ул. Цар Самуил 84, Охрид, contact@new-vision.mk

ПРОГРАМА

ЗА ИЗГРАДБА НА ОТВОРЕНИ И ПОКРИЕНИ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

НА КП 2686/2 ВО КО СТРУГА

ОПШТИНА СТРУГА

техн. бр. 05/2018
Јуни 2018




-Ситуација од Програмата за изградба на отворени и покриени повеќенаменски спортски игралишта за КП.бр.2686/2 КО Струга.




-Ситуација од состојбата на лице место на изведениот предметен објект означен со црвена линија и приближна точност на поставеноста во парцелата на просторот предвиден за паркинг според програмата, во непосредна близина на објектот Аполонија.

*5-Дали лицето кое го градело објектот било известено дека градбата треба да се отстрани и дали постапил по барањето за отстранување на градбата.*

●Од увидот во документацијата од доставените списи од предметот КО.бр.206/24 од 28.10.2024 година, вештото лице констатира Записник за извршен инспекциски надзор, бр.26-151 од 28.06.2024година, РСМ Општина Струга се констатирани неправилности во работењето на инвеститорот и издадено е Решение, И.П1.бр.26-151 од 01.07.2024година, РСМ Општина Струга, за отстранување на деловниот објект со димензии во основа 30х20м во фаза на бетонирана бетонска подлога со дебелина од 20см и анкерисани шест метални столбови со поставени подолжни греди и меѓусебно поврзани со рогови, поради што истиот се гради без одобрение за градење согласно законот за градење на РСМ, а со увидот на лице место се констаира декаж не се постапило по решениеto за отстанување на градбата.

*6-Во која фаза на градба се наоѓал објектот за време на надзорот од градежниот инспектор а во која фаза се наоѓа истиот објект за време на изготвување на ова вештачење.*

●Од увидот во документацијата од доставените списи од предметот КО.бр.206/24 од 28.10.2024 година, вештото лице констатира Записник за извршен инспекциски надзор, бр.26-151 од 28.06.2024година, РСМ Општина Струга се констатирани неправилности во работењето на инвеститорот и издадено е Решение, И.П1.бр.26-151 од 01.07.2024година, РСМ Општина Струга, за отстранување на деловниот објект со димензии во основа 30х20м во фаза на бетонирана бетонска подлога со дебелина од 20см и анкерисани шест метални столбови со поставени подолжни греди и меѓусебно поврзани со рогови.

Додека за време на увидот и изработката на вештачењето се констатира предметниот обејкт на КП.бр.2686/2 КО Струга со изведено ниво на приземје од приземна армирано-бетонска плоча и челична конструкција од столбови и носачи, со изведени надворешни ѕидови од сендвич лимени панели и со изведено ниво на галерија на еден дел од објектот, поставена надворешна столарија од прозори и врати од алумин профил и термопанстакло и челична кровна конструкција покриена со сендвич лимени

панели.Во внатрешноста на еден дел се изведени простории над кои има простор како галерија со изведени внатрешни скали од челична конструкција за галеријата.

СОДРЖИНА

●СТРУЧЕН НАОД И МИСЛЕЊЕ
● АНАЛИЗИРАНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И СКИЦИ
●Фотодокументација од увид лице место на ден 25.11.2024год.

24.02.2025год. дипл.инг.арх.Зоран Мојсовски

Струга ВЕШТО ЛИЦЕ

ЗОРАН МОЈСОВСКИ ДИА
ВЕШТО ЛИЦЕ
**ЛИЦЕНЦА**
*ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТУРАТА*
*БРОЈ 07-1103/2 -МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*071 707071; mojso_dia”yahoo.com*

| |
|---|
| ФОТОДОКУМЕНТАЦИЈА<br>ПРЕДМЕТ: КО.бр[redacted] |

Прилог:

●Фотографиран објект и скица од увид лице место на ден 25.11.2024год.

| | |
|---|---|
| 24.02.2025год. | дипл.инг.арх.Зоран Мојсовски |
| Струга | ВЕШТО ЛИЦЕ |



| |
|---|
| ЗОРАН МОЈСОВСКИ ДИА |
| ВЕШТО ЛИЦЕ |
| **ЛИЦЕНЦА** |
| *ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТУРАТА* |
| *БРОЈ 08-415/2023 – 29.05.2023-МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА* |
| *071707071;   mojso_dia"yahoo.com* |









